

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец септември 2021

Датум: 13.10.2021
Сектор за инвестиции

SAVA PENZISKO

## Содржина

1. Реплек АД Скопје ........................................................................ 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец септември 2021 година се одржа акционерско собрание на **Реплек АД Скопје,** компанија во која задолжителниот пензиски фонд и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

## 1. Реплек АД Скопје

**Општ дел**

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Реплек АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Реплек АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **6,88%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,40%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 22.09.2021 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;<br>3. Избор на Претседавач на Собранието;<br>4. Усвојување на Дневниот ред.<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Донесување на одлука за отповикување на членовите на Надзорниот одбор и избор на нови | |

| | |
|---|---|
| | членови на Надзорниот одбор на Друштвото;<br>2. Донесување на одлука за нова распределба од акумулирана добивка од 2020 година; |
| *Претставник на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Реплек АД Скопје**

**ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ**

Акционерското собрание на Реплек АД Скопје се одржа на 22.09.2021 година , во просториите на Друштвото на ул. Козле бр. 188 Скопје(голема сала). Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, по точките од Дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието
2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери
3. Избор на Претседавач на Собранието
4. Усвојување на Дневниот ред

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Донесување на одлука за отповикување на членовите на Надзорниот одбор и избор на нови членови на Надзорниот одбор на Друштвото

   **Претставникот гласаше ЗА**

2. Донесување на одлука за нова распределба од акумулирана добивка од 2020 година

   **Претставникот гласаше ЗА**

**Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Реплек АД Скопје**:

Откако се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Реплек АД Скопје, на кое беа присутни акционери на вкупно 77,2% од издадените акции со право на глас, се пристапи кон избор на Претседавач на собранието. Записникот за собранието го водеше Нотар.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел на Дневниот ред.

Согласно усвоениот Дневен ред пред присутните акционери беше образложена предлог одлуката за отповикување на членовите на Надзорниот одбор и одлуката за избор на нови

членови на Надзорниот одбор. Во работниот дел предмет на усвојување беше и одлуката за распределба на остаток од акумулираната добивка од 2020 година.

Пред да се премине на гласање по првата точка од работниот дел претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје се јави за збор. Во своето обраќање тој го искажа ставот на Друштвото дека во предложените членови за новиот Надзорен одбор гледаат повисок степен на независност во однос на актуелниот состав, и ги повика предложените членови, доколку бидат избрани, да го подобрат и унапредат корпоративното управување во Реплек АД Скопје. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје истакна дека како малцински акционер очекуваат новиот Надзорен одбор да одговори на задачата за која и постои, односно да биде вистинска контрола на работата на Управниот одбор, и подеднакво да ги застапува интересите на сите акционери. Претставникот на Друштвото исто така побара од новиот Надзорен одбор да се заложи за јавно објавување на Статутот и Кодексот за корпоративно управување на компанијата, а до мнозинските акционери упати апел да ја разгледаат можноста бројот на членови во Надзорниот одбор да биде непарен со што секој член би имал еднаква тежина при одлучување.
Потоа за збор се јавија уште неколку акционери, искажувајќи го ставот за предложените членови на Надзорниот одбор.
По затворање на расправата Претседавачот на собранието ги стави на гласање предлог одлуките по точката еден од Дневниот ред. Присутни акционери гласајќи ЗА ги отповикаа постојните членови на Надзорниот одбор, и гласаа ЗА по ново предложените членови на Надзорниот одбор.
Акционерите за нови членови на Надзорниот одбор ги избраа:

- Антонио Георгиевски - член,
- Славица Туџарова Трајковска – член,
- Петар Андреевски – член,
- Владимир Гашевски – независен член.

Акционерите позитивно се изјаснија и по предлог одлуката од точката 2 од Дневниот ред т.е. се изгласа исплата на дополнителна бруто дивиденда во вредност од 1.020 денари по акција.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред.

Со исцрпување на Дневниот ред акционерското собрание се прогласи за завршено.